**ПРЕДЛОГ-АМАНДМАНИ**
**на Законот за јавното обвинителство објавен на ЕНЕР на 14.04.2025 година**[1]
(за обезбедување на кривична одговорност и заштита од влијание врз јавните обвинители)

Законот за јавното обвинителство („Службен весник на РСМ“ бр. 42/2020) ја уредува организацијата, надлежностите, постапките и одговорноста на јавните обвинители.
Сепак, и покрај тоа што **Законот за јавното обвинителство објавен на ЕНЕР на 14.04.2025 година** предвидува дисциплинска одговорност на јавните обвинители (членови 91–99), истиот **не содржи конкретни одредби кои ја уредуваат нивната кривична одговорност**, ниту обезбедува надворешен механизам за контрола и транспарентност во постапките за утврдување на одговорност.

**I. Клучни недостатоци:**

1. **Отсуство на кривична одговорност** – регулирана е само дисциплинска одговорност, во многу рестриктивна рамка.
2. **Недостаток на надворешен надзор** – јавните обвинители практично се самоконтролираат.
3. **Недоволна транспарентност** – нема обврска за објавување на случаи поврзани со одговорноста.
4. **Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност** - нема надлежности за утврдување на кривична одговорност и покренување на кривична постапка.

**II. Релевантни меѓународни забелешки:**

Според ОБСЕ и ГРЕКО:

- Постојат **хиерархиски и политички притисоци** врз обвинителите, особено на пониските нивоа;
- Недостасува **ефективен механизам за одговорност** при злоупотреба на функцијата;
- Присутна е **неказнивост** за лицата кои вршат притисоци врз јавни обвинители.

**III. Зошто е потребно воведување кривична одговорност:**

1. **Владеење на правото** – ниту еден носител на јавна функција не смее да биде над законот.
2. **Јакнење на довербата во правосудството** – одговорноста создава транспарентност.
3. **Превенција од злоупотреби** – јавните обвинители не смеат да бидат „недопирливи“.

[1] 76_1243760685Нацрт - закон_Предлог на Закон за дополнување на З.docx

**ПРЕДЛОГ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА**

на Законот за јавното обвинителство објавен на ЕНЕР

**Член 1**

Во член 3 од Законот, по ставот 3 се додава нов став 4:
„(4) Јавниот обвинител постапува самостојно и независно, без влијание или притисок од хиерархиски надредени обвинители, државни органи, политички партии, правни и физички лица.“
**Цел:** Јасно да се дефинира независноста на јавниот обвинител и да се забрани секое влијание или притисок, вклучително и од хиерархиски надредени обвинители.
**Образложение:** Оваа одредба е важна за зацврстување на независноста на јавните обвинители и спречување на влијанието од надредени, политички или други надворешни извори.

**Член 2**

По член 99 се додаваат нови членови 99-а, 99-б, 99-в, 99-г и 99-д, кои гласат:

**Член 99-а**

**Комисија за етичка и правна одговорност на јавните обвинители**

(1) Со цел да се обезбеди етичка и правна одговорност на јавните обвинители, се формира Комисија за етичка и правна одговорност, која ќе биде составена од:

- Претседател на Советот на јавни обвинители,
- Еден претставник на Врховниот суд,
- Еден професор по етика и право,
- Еден претставник на Адвокатската комора на Република Северна Македонија,
- Еден претставник на Граѓанскиот совет за правосуден надзор.

(2) Комисијата има задача да оцени етички и правни прекршоци направени од страна на јавни обвинители и да покрене санкции и дисциплински мерки во случај на утврдени неправилности.
(3) Претседателот на Комисијата има право да покрене постапка за утврдување на етичка и правна одговорност, врз основа на пријави од јавноста, други институции или сопствени иницијативи.
(4) Комисијата има надлежност да покрене кривични постапки доколку се утврди дека јавниот обвинител сторил кривично дело во вршење на својата функција.
**Цел:** Да се создаде независен орган кој ќе има надлежности за етичка и правна одговорност на јавните обвинители.
**Образложение:** Со формирањето на оваа комисија, се овозможува систем за независна проценка на дејствијата на обвинителите и се обезбедува механизам за санкционирање на евентуални неправилности.

**Член 99-б**

**(Кривична одговорност на јавен обвинител)**

(1) Јавниот обвинител кривично одговара доколку при вршење на функцијата сторил:

- намерна злоупотреба на службената положба и овластување;
- прикривање на кривично дело или сторител на кривично дело;
- примање награда или друга корист во врска со вршењето на функцијата.

(2) Кривична постапка против јавен обвинител може да се покрене само по претходна писмена согласност од Комисија за етичка и правна одговорност на јавни обвинители.

(3) Комисијата од ставот (2) донесува одлука со мнозинство гласови. Нејзината одлука не го попречува редовниот тек на кривичната постапка.

**Цел:** Воведување можност за кривична одговорност за јавните обвинители, особено за тешки злоупотреби.

**Образложение:** Во моментов, не постои правна рамка со која обвинител би сносел кривична одговорност за прикривање или намерно негирање на кривично дело. Со оваа измена се воспоставува баланс помеѓу автономијата и одговорноста и ќе спречи злоупотреби и постапување под притисок.

**Член 99-в**

**(Транспарентност на постапките за одговорност)**

(1) Сите поднесени иницијативи и конечни одлуки за поведување постапка против јавен обвинител се објавуваат на веб-страницата на Советот на јавни обвинители.
(2) Објавените информации не смеат да содржат лични податоци, во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

**Цел:** Зголемување на транспарентноста и јавната доверба во системот преку јавна евиденција на поведени постапки.

**Образложение:** Јавноста има право да знае кога обвинител се наоѓа под етичка или кривична постапка. Секако, без да се загрозуваат лични податоци или текот на истрагите.

**Член 99-г**

**(Забрана за влијание и притисок)**

(1) Секој директен или индиректен обид за влијание врз одлучувањето на јавен обвинител е забранет.

(2) Забраната се однесува и на:

- хиерархиски надредени обвинители;
- носители на јавни функции, вклучително и пратеници и министри;
- други службени и избрани лица.
- Лидери на политички партии
- Претставници на бизнис заедницата
- Други правни и физички лица

**Цел:** Да се криминализира секој обид за влијание врз обвинител.
**Образложение:** Притисоците од политичари и високи функционери се реална закана за правдата. Законска забрана ќе делува превентивно и ќе создаде јасна граница меѓу политиката и правдата.

**Член 99-д**
**(Заштита на јавен обвинител од притисок)**

(1) Јавен обвинител кој почувствува притисок е должен веднаш да го пријави случајот до Советот на јавни обвинители и Државната комисија за спречување на корупција.
(2) Пријавата повлекува итно поведување на постапка во рок од 15 дена, со примена на мерки за заштита на пријавителот.
(3) Пријавувањето се смета за дејствие во јавен интерес, и јавниот обвинител не смее да биде ставен во понеповолна положба поради истото.
**Цел:** Да се овозможи механизам за пријавување на притисоци и да се заштитат пријавителите.
**Образложение:** Обвинител кој пријавува притисок де факто станува укажувач. Потребна е итна институционална реакција и правна заштита на неговиот интегритет.

## ПРЕДЛОГ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

(како преодна и завршна одредба)

**Член XXX**
**(Влијание врз јавен обвинител)**

(1) Тој што со злоупотреба на положба, авторитет или на друг начин се обиде да влијае врз одлука на јавен обвинител, ќе се казни со затвор од 1 до 5 години.
(2) Ако делото го стори лице со јавна функција, казната е затвор од 2 до 8 години.
(3) Ако влијанието резултирало со откажување од гонење или намерно оштетување на кривична постапка, казната е затвор од најмалку 5 години.

## IV - ЗАКЛУЧОК:

Со овие измени, се обезбедува сериозен правен рамка за одговорност на јавните обвинители и се создаваат механизми кои ќе гарантираат независност и заштита од притисоци, што е клучно за функционирање на правосудниот систем.